Извештај за успешно спроведување на проект

за општествено-хуманитарна работа во учебната 2025/2026 година

Помош и подршка во заедницата

„Садиме и градиме зелена иднина за сите нас“

Во изминатава учебна 2025/2026 година учениците од VII-б одделение осмислиа и реализираа проект со цел помош и подршка на локалната заедница во која живеат под менторство на наставничката Ивана Блажевска. Учениците одлучија дека сакаат да придонесат во пошумување и разеленување на нивната блиска околина. Одлучивме да засадиме неколку дрвја (дуња, цреша и костен) во околината на училиштето, а во договор со жителите на селото одлучивме тоа да биде во дворот на црквата св. Спас. Учениците дадоа свој придонес во обезбедување на алатот и засадување на дрвјата, а во иднина и во одржување.

Следната фаза беше уредување на училишниот двор. Беа купени сардели, саксии, земја и ѓубриво и учениците откако го исчистија училишниот двор ги засадија цвеќињата и ги поставија на прозорците.

Секој ученик имаше обврска да засади растенија или некој садница во својот двор или бавча за да и индивувално даде придонес во зачувување на животната средина.

Сите ученици учествуваа во организирање, планирање и обезбедување на потребниот материјал. А на крај од проектот учениците изготвија презентација за поголема видливост на спорведените активности. Проектот беше презентиран и на родителската средба со цел родиелите да бидат информирана за оваа активност на нивните деца.

вНа учениците им се доделени сертификати од училиштето заради учество и придонес во реализација на проектот.

Одговорен наставник
Ивана Блажевска